МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА

Бр. 0202/4

08.02. 2017 год. **Одлука бр.3**

СКОПЈЕ

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 08.02.2017 година, донесе

# ОДЛУКА
## за определување на висината на таксата за годишна регистрацијата на натпреварувачи во 2017 година

Член 1

За регистрација, односно издавање натпреварувачка легитимација за 2017 година, секој натпреварувач или неговиот клуб е должен да плати такса на МТФ во износ од:

- За натпреварувачи во **категорија 12, 14, 16 и 18 години и мажи и жени и ветерани (постари од 30 години)** - 800,00 денари.

Член 2

МТФ на секој натпреварувач кој ќе плати такса за натпреварувачка легитимација за 2017 година ќе му издаде натпреварувачка легитимација званично заверена од МТФ со која ќе може да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на МТФ за 2017 година.

Член 3

Секој натпреварувач кој ќе прави пререгистрација, односно кој ќе премине од еден во друг клуб му се издава нова натпреварувачка легитимација за остатокот од тековната година, и истиот или неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1.

Член 4

Секој натпреварувач кој ќе ја загуби, или оштети натпреварувачката легитимација за издавање на нова натпреварувачка легитимација, треба да плати такса во износ од 300,00 денари.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2017 година.

Македонска Тениска Федерација
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 08.02.2017 година

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ